# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 6-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕинго, Стојан Андов, Али Ахменти, Славица Грковска Лошкова, Владо Бучковски, Тито Петковски, Цветанка Иванова, Радмила Шекеринска и Наташа Јаневска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година**

Продолжуваме по претресот по текстот по Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

И овој амандман е поднесен со цел да се зголеми опфатот на лицата со над 25 години стаж кои би можеле да остварат право на паричен надоместок од Агенцијата за вработување, исто како и сите оние кои што со Предлогот на законот е предвидено дека може да остварат паричен надоместок само доколку фирмата им заминала во стечај, ликвидација или биле прогласени за технолошки вишок заклучно со 31 декември 2004 година.

Дебатиравме и во петокот дека ваквото решение е многу рестрективно. Многу невработени лица со над 25 години стаж не ќе можат да го остварат ова право и затоа сметаме дека овој закон вака како што е предложен од Владата всушност служи или служеше предизборно да се соберат политички поени додека суштинско решавање на проблемот на работниците со над 25 години работен стаж не се остварува со овој закон.

Мислам дека брзо ќе дојде времето кога ќе стапи во примена овој закон и многу невработени лица со над 25 години стаж да бидат изненадени дека не ги фаќа законот и не знам што е целта, дали потоа да се јави некоја нова група која што ќе штрајкува пред Собранието на Република Македонија за да си го оствари своите права, па така поединечно за секого да се решава прашањето.

Не знам заменикот министер дали ќе се вклучи во расправата да ми објасни која е разликата помеѓу невработено лице со над 25 години стаж, које работело во фирма со доминантна државна сопственост, кое почнало да прима паричен надоместок од 7. 4. 2000 година, а чија што фирма заминала во стечај, ликвидација и работниот однос му престанал после 31.12.2004 година.

Која е разликата? Дали не правите преседант привилегирајќи една група на луѓе за разлика од други луѓе. Што со оние чии што работен однос престанал после 31.12.2004 година, а имаат над 25 години стаж. Која е разликата меѓу овие луѓе. Што ќе се случи на пример со вработените во ОХИС, штрајкуваат пред Владата, доколку нивната фирма замине во стечај. Што со тие со над 25 години стаж. И тие ќе немаат право да го остварат паричниот надоместок ако имаат над 25 години стаж. Кажавме пример во Велес, Агрокомбинатот Лозар, замислете работниот однос на најголемиот дел од вработените им престана во јануари 2005 година. Не можат да го остварат правото по овој закон само затоа што напишала Владата дека ќе важи до 31.12.2004 година. Затоа предлагаме да се зголеми опфатот за да може што поголем број на невработени да го остварат своето право. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од нив 11 гласаа за, воздржани нема, 58 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 69 пратеника, од нив за гласаа 11, воздржани нема, против 58.

Констатирам  дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на алинеите 1 и 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив 10  гласаа за,  воздржани нема, 55 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно  гласаа 65 пратеника, од нив за гласаа 10, воздржани нема, против 55.

Констатирам  дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на алинеите 1 и 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеа 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив 11  гласаа за,  воздржани нема, 54 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно  гласаа 65 пратеника, од нив за гласаа 11, воздржани нема, против 54.

Констатирам  дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 алинеа 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеа 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Сакам да напоменам дека овој амандман е со иста содржина како и претходниот, па согласно сценариото мора да се распава и по него.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејќи амандманот е ист со претходниот, истиот го повлекувам

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам  дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Во членот 6 во предлогот од страна на Владата стои дека Агенцијата за вработување правото за плаќање на паричен надоместок од став 1 на овој член го утврдува врз основа на лично барање на невработеното лице.

Правото на паричен надоместок согласно на овој закон може да го оствари невработено лице коие ќе поднесе барање до Агенцијата за вработување на Република Македонија каде што е евидентирано во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Доколку барањето не е поднесено во рок од став 1 на овој член матичниот орган барањето ќе го отфрли како ненавремено.

Мислам дека со вакви предлози за законски решенија овој закон ќе стане уште порестриктивен и фактички овој закон ќе важи само 30 дена од денот на стапувањето на слила, ништо повеќе. Ако некое од овие лица кои што се малку, кои што ги опфаќа овој закон не поднесат барање поради разни причини,  можеби неинформираност, можеби се некади во странство, можеби во моментот не можат да ги поднесат документите го губи правото.

Јас не сум по професија правник, меѓутоа мислам дека едно вакво толкување на законот или пишување на вакви одредби само уште толку ќе ја усложни употребата на овие законски решенија

и ќе им оневозможи на оние лица кои што ги опфаќа овој закон да си го остварат своето право преку Агенцијата за вработување.

Навистина, повторно сме хендикепирани инемаме можност да дебатираме со претставникот на Владата што мислеле кога ги пишувале овие одредби, но сметаме дека ваквото решение е многу рестрективно и од тие причини предлагаме истото да се избрише. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Светлана Јакимовска, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Колегата Марјанчо она што сака да се брише членот 6 според мене апсолутно не е во право затоа што членот 9 од предложениот закон упатува на сите нерегулирани прашања со овој закон да се применува законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Таму, точно и децидно стојат сите овие одредби кога и во кои услови и на кој начин невработено лице може да оствари паричен надомест.

Со оглед на тоа сметам дека членот е во согласност со одредени мали модификации, за кои и јас поднесов амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Би сакал да и одговорам на колешката.

Ако членот 9 упатува на други закони тогаш требаше да се предложат и измени и дополнување на тие закони. Вака овој закон како што е предложен многу јасно стои дека мора да поднесе барање за да оствари право на паричен надоместок во рок од 30 дена. Ако не го поднесе барањето го правото, а каде стои во постојните закони дека во рок од 30 дена треба да го поднесе барањето.

Значи, не е во ред она што е предложено и е многу рестрективно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани нема, 57 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 71 пратеника, од нив за гласаа 14, воздржани нема, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Во меѓувреме пратеникот Светлана Јакимовска поднесе амандмани на член 6 став 3 и на член 6 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мемедов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме по претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Горан Мисовски, повелете.

**Горам Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на техничката Влада.

Кога сум кај техничката Влада, сакам да го изразам моето незадоволство за начинот на кој што функционираме во моментот во Република Македонија. Кршејќи го членот 3 од Уставот на Република Македонија кој е дециден и вели дека на Владата и престанува мандатот веднаш кога Собранието се распушта. А еве сведоци сме на директно кршење на Уставот, Владата предложува закони, ние си дебатираме, носиме закони се надевам дека сите овие закони кои што ги донесовме овие денови нема да бидат оспорени и паднати пред Уставниот суд и веројатно еден од мотивите за предвремени избори и барањето на мандат над 60 пратеника е токму кршење во правец на кршење на законите на Република Македонија и секако ако и сакате и демонстрација на сила и моќ.

На денешната седница се разгледува Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Не сум грешка, тоа е токму оној закон што НСДП го предложи во минатиот состав во Парламентот. Закон за кој што се боревме и залагавме за негово донесување во ова Собрание, закон на кој што и беа основните

мотиви за откажување на нашата доверба кон премиерот Никола Груевски.

Јас сакам во име на НСДП да го искажам задоволството што конечно се реши со статусот на стечајните работници. Нешто за што водевме жестока битка со Никола Груевски, Ставрески, Мешков и ВМРО-ДПМНЕ во изминатите 20 месеци, како учесници во минатата Влада. Сакам исто така да изразам задоволство за луѓето кои навистина го заслужуваат овој закон, тоа беа луѓето кои беа фрлени, не по нивна вина на маргините на општеството, но кои што заради суетноста и неодговорноста на Никола Груевски останаа повеќе од една година во паркот карши Собранието и на минус 10 степени и на плус 40 степени. Единствена разлика во овој предлог на закон е само насловот и оној процент за висина на паричниот надомест од просечната плата кој во законот стои дека ќе биде 34 % и е малку непоповолен од законот што го предложи НСДП во кој што предвидувавме 40% паричен надомест од просечната исплата на месечно нето плата.

Кога сме кај Предлог законот за таканаречените стечајци не можам а да не укажам на крајното лицемерие на ВМРО-ДПМНЕ и на Никола Груевски и тоа преку историската констатација, преку две историски констатации во овој Предлог на закон кој што ни е денес предложен од страна на ВМРО-ДПМНЕ и ја цитирам првата историска констатација во причините за донесување на овој закон, цитирам: “со процесот на приватизација и трансфорамција на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, дојде до престанок на оделни претпријатија или до намалување на бројот на вработените на истиот”. И втората историска констатација: “поради старосната и квалификационата структура и ограничената побарувачка на работната сила истите не беа во можност да се вклучат на пазарот на трудот поради што и натаму се во независна економска и социјална положба”.

Почитувани колеги пратеници, токму тоа му го говоревмеи на премиерот и на ВМРО-ДПМНЕ во оние 20 месеци кога бевме заедно во владината коалиција. Тоа му го говоревме и на Ставрески, и на Мешков, и на Славески, тоа стечајните работници позитивен третман навистина очекувавме дека ќе добијат од ВМРО-ДПМНЕ заради тоа што голем дел од овие стечајни работници го дадоа гласот на ВМРО-ДПМНЕ, 2006 година говорам.

Ни велевте дека нема пари за таа категорија на луѓе. Мене ми е навистина задоволство што во оваа сала се и претставниците на стечајните работници, не знам дали знаат, ве нарекуваа категорија на луѓе. Како да сте страно тело на системот, како да немате право на сопствена егзистенција во Република Македонија. Сакам да ги потсетам колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ т.е. коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ од 2006 година кои што веќе и 90% сте присутни во оваа сала на две координации кои што ги имавме во врска со Предлогот на законот од страна на НСДП.

И првата, со експертот за труд и социјална политика господинот Мешков, министер за труд и социјална политика, човек кој што очајнички се бори да биде најголем продолжен преродбеник во Либералната партија, како што впрочем, тоа го правеа и Лазе Еленовски и Живко Јанкуловски во ВМРО Наменска која што вие ја формиравте, не убедуваше на таа координација дека податоците со кои што располага НСДП, дека овој закон ќе опфати максимум 5 до 6 илјади луѓе и дека нема да има финасиски ипликации по Буџетот повеќе од 30 милони денари. Еве сега гледате, во истиот тој Предлог на закон стои, во делот кај што се финансиските ипликации дека, навистина, се работи за 6 илјади луѓе и не повеќе од 30 милиони денари. На таа координација, министертот Мешков, на сите од коалицијата, ни подели еден документ каде што точно пишуваше дека овој закон ќе опфати преку 30 илјади луѓе и околу 180 милони и дека таков закон не е можно да помине во тој состав на Република Македонија.

Три пати, како тогашен координатор на пратеничката група на НСДП се обрати до диреторката на Агенцијата за вработување, не добив писмен одговор ниту еднаш. Кога ја добив на телефот ми рече дека такви подтатоци не смее да дава без одобрание на Никола Груевски.

Навистина, почитувани колеги пратеници, срамно е министерот за труд и социјална политика, господин Мешков, да биде како предлагач на закон. Вие знаете точно за што тој се залагаше. Ќе го цитирам господинот Мешков:

“Според претсметката на Владата, доколку го прифати барањето на стечајците , тоа би значело дека од Буџетот ќе треба да се издвојат месечно 168 милони денари , а во оваа ситуација не е возможно тоа. До толку повеќе што и меѓународните институции инсистираа Буџетот да има развојна, а не социјална компенета.

Измените во Законот за вработување и осигурување, што ги бараа стечајците, нема да може да се применат само за една група невработени. Тие измени би морале да важат уште за 31 илјада лица”, тоа ни го говореше и на координациајта “на кои работниот однос исто така им претстанал по однос на стечај, но и на други 21 илјада лица кои се со над 25 години стаж по други основи останата без работа, а моментално примаат паричен надоместок од државата.

Владата останува на ставот, проблемот со оваа група невработени стечајци да се решава во рамките на постојниот систем на активни политики на вработување”.

И втората изјава на господинот Мешков “Министерство за труд и социјална политика нема да подготвува посебно законско решение за стечајните работници со над 25 години стаж”. Министерот Љупче Мешков, на првата средба со новинарите, цитирам од медиумите потенцираше дека “Законски категоријата стечајни работници не постои. Во законската регулатива нема термин

стечајни работници” говори Мешков. “Сите тие лица се невработени, без разлика по кој основ останале без работа. Согласно на тоа, сите невработени лица своите права треба да ги остварат во рамките на системот на пензиското осигурување или социјална заштита”.

Исто така, почитувани колеги пратеници од ВМРО ДПМНЕ, сакам да ве потстетам на втората координација што ја имавме во салата 2, сега со актуелниот министер за финансии, господинот Трајко Славески.

Му поставив прашање дали Владата има намера да ја реши голготата со стечајците? Ми одговори со сета жестина дека законот е антиреформски и дека е во спротивност со заложбите на ММф и Сватската банка. И дека, ако НСДП се избори кај премиерот овој закон да добие мнозинство во Собранието, тој лично ќе поднесе оставка. Е, па еве сега му можност, вие колеги пратеници од ВМРО да го потстетите министерот Славески, и после неговиот избор на 25-ти, веднаш да му предложите, да го потстетите за оваа негова заложба, да може да си поднесе оставка.

Бидејќи, велеа дека законот е антиреформски, а 99% е истиот оној што го предлагаша НСДП, тогаш се поставува прашањето дали се кријат и некои други мотиви зад договорот за стечаците кои само на неколку дена пред изборите го постигна ВМРО ДПМНЕ со стечајците. Особено мислам дека Комисијата за спречување на корупцијата има елементи за поведување на постапка за тоа што, за мене, овде се работи за класично купување на гласови токму пред изборите.

Исто така сакам да ве информирам дека на Деветтта седница на Извршниот одбор на НСДП, сеуште актуелниот вице премиер, оној од ВМРО Наменска Живко Јанкуловски не информираше дека Управата за безбедност и контра разузнување отворила досие за еден од водачите или преставниците на стечајните работници. Исто така Живко Јанкуловски не информираше дека на затворена седница на Владата, согласно добиените податоци од Управата за безбедност и контра разузнување, била разгледувана можноста институциите на системот да поведат постапка за испитување на неговата имотна состојба.

Сакам да ги информирам колегите пратеници дека во месец јануари 2008 година во кабинетот на премиерот Никола Груевски му предложивме НСДП, со писмо, да го повлече законот, оној што беше предложен од НСДП, но во исто време дојдовме во состојба Предлогот на законот на СДС да влегуваше во собраниска процедура, така да предлагавме или да го повлечеме ние или да се прифати законот на СДС или Владата да предложи комлетно нов закон што ќе биде предложен од Владата на на ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа Груевски не сакаше да послуша и ни ја прати пораката преку владиниот весник “Вечер”, ја прати пораката и вели “Груевски бара статусот на стечајните работници да не се решава со законско решение, туку со социјален пакет”. Исто така пренесено од весникот “Вечер”, владиниот весник од 8.2.2008 година вели “Се шпекулира и дека ако биде изгласан законот ВМРО ДПМНЕ ќе го оспори пред Уставниот суд, со образложение дека се фавиризира една група на луѓе и дека, доколку законот биде изгласан, и останатите стечајци може да останат со слични барања”. Значи едно класично салто моратале во однесувањето на ВМРО ДПМНЕ кон стечајните работници.

Лицемерието да биде уште поголемо имавте можност да ја слушнете изјавата на сега новиот кандидат, евроинтегративец, тогашен потпарол на Владата Ивица Боцевски кој што вели, не убедува во она салто мортале и лицемерие на ВМРО ДПМНЕ дека законот е во согласност со Уставот, законите и буџетската рамка и пред неговото носење да се консултирани експерти. За какви експерти мисли, не знам.

**Трајко Вељаноски:** Колега, се извинувам, ако може по текстот на законот.

**Горан Мисовски:** Се ова е за законот, за текстот на законот.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, на 26-ти е избор на Влада сето ова ќе го кажете.

Сега по текстот на законот, за содржината на одредбите од законот.

**Горан Мисовски:** Претседателе,

Сакам уште еднаш, во името на НСДП, сега како партија во опозиција да изразам задоволсто од донесувањето на овој закон. Пратениците од НСДП ќе гласаат за носењето на законот, затоа што навистина сметам дека авторското право на овој закон е на НСДП. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател на Собранието.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Уште на почетокот ќе истакнам дека јас како пратеник и како член на парламентарната група на ДУИ, се разбира со моите колеги, ќе го подржиме овој предлог затоа што се работи за Предлог што насојува да реши неколку проблеми, неколку прашања што ги тангирале граѓаните на Република Македонија уште од 1993 година па наваму.

Зошто велам од 1993 година, затоа што сите знаете дека по девеесетите гидини, со почетокот на промените во политикчкиот систем, во демократскиот систем со значајни промени се почна и во економскиот систем. Во Република Македонија, до девеестетите години, според карактерот или природата, припаѓаше на стопанство што до тогаш се нарекуваше планирано стопанство. Со почетокот на процесот на транзиција, како што беше и во други држави на Југоисточна Европа во овој процес беше

опфатена и Република Македонија. нормално, како дел од овој географски простор.

Во 1993 година за прв пат  во Македонија се усвојува Закон за преобразба на претпријатијата со општествен капитал, преку донесувањето на овој закон и со почетокот на овој процес започнаа првите последици од пробразбата не истите претпријатија. Една од тие последици беше создавањето на серија лица кои до тој период беа вработени, сега стекнаа статус на невработени лица. Има и серија други последици што не се надоврзуваат на ова прашање па за нив нема да говорам.

Од 1993 година, со донесувањето на овој закон започна преобразбата на претпријатијата со општествен капитал, во таканаречени приватни претпријатија, односно имајќи го предвид фактот дека по 1996 година, со донесување на Законот за трговски друштва, претпријатијата веќе не се третираат како субјекти туку во суштина  се објекти на трговските друштва. Затоа претпријатијата во правен аспект се преобразија во трговски друштва.

Со почетокот на овој процес, создадовме серија на невработени лица, лица кои до денес сме ги третирале, сметале како стечајци. Сепак, во оваа можност сакам да истакнам дека, доколку добро се анализира текстот од законот, ќе видиме дека било погрешно таквото третирање  како стечајци, затоа што Законот не е наменет само за решавање на проблемот на овие лица чии претпријатија биле во стечај, туку, доколку внимателно се анализира членот 2, алинеја 1 или ставот 1 алинеја 1, ќе се види дека се работи за лица кои поради ликвидација на нивните претпријатија останеле без работа. Би било добро дефинитивно да се реши проблемот не само за лицата што сме ги сметале како лица - стечајци туку во еден определен сегмент да се реши и проблемот на лица кои биле вработени во претпријатија каде бил иницирaн просец на ликвидирање.

Второ што сметам дека е значајно да се истакне е дека се иницира решавање на проблемот на претпријатијата со општествен капитал, биле во доминанатна сопственост на државата, но не во целост. Затоа што сепак, доминантната сопственост во правното третирање има друга смисла. Претпријатијата со општествен капитал, со доминанатна сопственост имаат друга смисла во споредба со претпријатијата што биле или се во целосна сопственост на државата. Според мене, нешто што е позитивно од ова, дека предлагачот сепак се обидува да го реши проблемот и на овие лица.

Повеќе од евидентно е, тоа сум го кажал повеќе пати од оваа говорница, дека нема идеални закони. Затоа законите ќе ги третираме  како еволутивни акти, па сакам да истакнам, имајќи го предвид овој факт и условите што се истакнати во членот 2, став 2, четирите услови што се за стекнување право за материјален надомест за овие лица. можеби на се совршени, меѓутоа во моментот се соодветни. Се разбира, во иднина, во текот на практичното спроведување на оваа одреба, посебно овој член доколку излезат одредени пречки ќе имаме можност да ги смениме.

Уште еднаш ќе го истакнам фактот дека јас, поради овие две причини што ги истакав претходно, сметам дека сепак се прави напор да се реши проблемот на лицата кои од 1993 година наваму сме ги третирале како лица- стечајци или лица од ликвидација. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повлете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Очигледно е дека ќе го изгласаме овој закон и тоа  ќе биде добро, бидејќи ќе се реши колку-толку прашањето околу материјалниот статус на едн дел од невработените лица со над 25 години стаж. Но, за жал, за многу други лица кои исто така ги исполнуваат овие услови, односно имаат 25 години работен стаж, припаѓаат во фирми чиј доминантен сопственик е државата, почнале да примаат праичен надоместок после 7.04.2000 година за жал овој закон нема да важи. Мислам дека тоа е најголемата маана или слабост на ваквото законско решение.

Не би сакал многу да зборувам околу историјата или голготата што ја преживуваа претставниците на стечајните работници во изминатите 15 месеци, кога буквално беа не само игнорирани од страна на владеачкото мнозинство предводено од ВМРО ДПМНЕ, туку беа и понижени како луѓе и како личности, со тоа што тие дури на една седница ја напуштија салата кога требаше да се решава нивниот проблем.

Кога дојде време на избори, кога требаше да се купуваат гласови, очигледно стечајните работници  и нивните проблеми не биле толку тешко прашање, туку се работело само за минимум политичка волја.

Повторно ќе кажам, законот е многу рестриктивен, се работи само за оние стечајни рабитници кои собараа храброст и до крај изджаа во шаторите пред Собранието на Република Македонија, додека за другите нема расположение да се реши ова прашање.

Нашата пратеничка група ќе го подржи овој закон но за жал ние се залагавме и поднесовме многу амандамни да важи вакавото решение, односно 34% од просечната плата исплатена во Република Македонија да примаат сите невработени лица со над 25 години стаж. Сметавме дека тој број не е многу и конечно ќе се затвори прашањето со судбината на невработените лица кои останаа без работа поради тоа што фирмите им заминаа во стечај, ликвидација или била прогласени за технолошки вишок.

Законот за жал, нема да важи за вработените од Агрокомбинатот “Лозар” во Велес, за 17 друштва.

Нема да важи за вработените од водостопанските претпријатија кои заминаа во стечај во 2005 година. Нема да важи за вработените во Кочани, од ГП "Бетон" кои заминаа во стечај во 2005 година и за многу други вработени чии фирми можеби почнале стечајна постапка во 2004 година, но работниот однос им бил прекинат во 2005 година.

Затоа сметаме дека не е добро да се носат вакви законски решенија, дека не е добро вака да се решаваат проблемите парцијално без при тоа да се има предвид и сите тие кои нема да бидат опфатени со овој закон, ги преживуваат истите тешкотии како овие кои ќе ги опфати овој закон. И тие од домаќини луѓе кои работеле, ги создавале фирмите, ќе останат без приходи и не ќе можат да ги издржуваат своите семејства.

За жал, ќе повторам, нема минимум политичка волја ова прашање да го решиме како што треба. За жал, реакциите после донесувањето на овој закон ќе следат. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Се јавив за збор, многу кратко и многу едноставно. Ова е закон околу кој се кршеа копја долго време. Носењето на овој закон во овој момент , во оваа сала е само огледало на хипокризијата и лицемерието што владеачкото мнозинство ја има кај себе.Овде во оваа сала постои една партија, тоа е ДУИ која гласаше за овој закон.

Меѓутоа, дали новата коалиција со помош на ДУИ успеа да го наметне решението за решавање на проблемот на стечајците.

Зошто зборувам лицемерие и хипокризија? Глорификација на решавање на проблемот со ставање на проблемот на 40 степени плус и 40 степени минус, со шаторите пред паркот, за да сега се стигне до некакво решение, кое повеќе го сметам за палијативно отколку суштинско и реално.

Овој закон се донесе од ова Собрание, се донесе на два пати, на два пати отиде без негова примена.

Според тоа, мислам дека со овој закон сега, со ова гласање сега се прави само една шминка или корекција на нелојалниот однос на владеачката структура кон своите граѓани. Имавте структури во поранешната Влада, кои го иницираа законот, имаше структури кои го поддржуваа, значи немаше кај вас ниту политичка волја, ниту хумана волја за решавање на овој проблем. Ова е само маска за покривање на лицемерието на владеачкото мнозинство кое претпоставувам во иднина ќе го гледаме се повеќе и почесто се до оној момент кога граѓаните ќе сватат со кого си фатиле работа. И овој збор го земам само за да кажам и укажам дека овој закон беше носен и донесен, па поништуван и неприфаќан и на крајот во една предизборна трка ставен во договор кој што е исклучиво од палијативен карактер.

Оние кои сега гледаат телевизија, оние кои сметаат дека со овој закон и со неговото гласање следниот пат ќе дојдат во Агенцијата за вработување и ќе ги задоволат своите права, да им кажеме дека тоа нема да се случи за повеќето од нив. Токму поради тоа зборувам за палијативност на законот.

Овој закон е само оправдување пред македонската јавност за едно предизборно ветување кое не сакавте да го реализирате со две години владеење и ова е само манифестација на односот на власта кон своите граѓани, изразена преку хипокризија и лицемерие. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Навистина не можам да се воздржам од коментар на колегата Оровчанец, не можам да се согласам со неговите ставови и квалификации искажани за парламентарното мнозинство, посебно за ВМРО-ДПМНЕ дека овој закон е шминка на нелојалниот однос на Владата, дека немало политичка волја ниту суштинска волја за решавање на прашањето и дека овој закон е само оправдување на предизборните ветувања кои не сме сакале да ги реализираме.

Ќе го потсетам дека 2006 година ВМРО-ДПМНЕ во предизборната кампања воопшто не вети дека ова прашање ќе го реши, во текот на периодот од две години од 2006 до 2008 година неколку пати имавме средба со стечајните работници и Владата никогаш не вети дека тоа прашање ќе го реши, туку дека ќе го разгледа и ќе го најде најдобриот можен начин како ова прашање да биде решено. Значи нема воопшто место да се зборува за шминки, за нелојален однос на Владата, туку напротив, за многу студиозно разгледување на проблемите во земјата и донесување решенија кои се добро обмислени и финансиски покриени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Прво, да кажам дека ова што го зборува госпоѓа Силвана Бонева не е точно. Не е точно со оглед на фактот што тие направија 2006 година коалициона Влада во која коалиција им беше НСДП, која што во својата програма го имаше внесено ова што сега го решаваме. НСДП упорно бараше, контактираше со стечајците и бараше да се исполни она што тие го ветиле, а што беше ветено во она што остварувате, а тоа е проширената програма која тогаш беше едноставна и непроширена.

Значи, хипокризијата и лицемерството се јасни за оние кои сакаат и можат да го видат. Оние кои не можат да го видат или не сакаат да го видат, ова ќе биде решение. Меѓутоа, и ова решение

повторно не е решение, затоа што многумина кои сметаат дека ќе се најдат во оваа маса ќе видат дека биле изигрувани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во петокот планирав да се јавам, по она што Горан пред малку ви го кажа решив да не зборувам, но сепак, без предизвикана од коментарите, затоа што навистина еден од темелите на нашето коалицирање со ВМРО-ДПМНЕ беше токму решавањето на овој проблем на стечајците.

Денес се радувам затоа што барем на една мала категорија на луѓе ќе се реши проблемот и сакам да го поддржам овој закон затоа што сметам дека голготата на овие луѓе треба да заврши, затоа што сметам дека државата не смее да биде амнестирана од својата одговорност за лошата приватизација и не смее овие луѓе да ги смета и да бидат колатерална штета за случувањата и на лошата приватизација.

Не знам зошто се минимизира улогата на НСДП, без разлика дали ние бевме помала или поголема политичка партија. Бевме помала политичка партија која инсистираше на овој закон да се донесе, дури она што го слушнавте пред малку беше инсистирано законот да го донесе ВМРО-ДПМНЕ, воопшто не мораше ние да го предлагаме, само баравме да се реши тој проблем на тие очајни луѓе. Само баравме тоа да се направи што поскоро. Зошто се изгубија 20 месеци, имаше ли причини да поминат 20 месеци за да се искористат изборите, имаше ли причина на таков начин да биде практично изгазено нивното достоинство? Мислите ли дека тие луѓе имаат кратко памтење? Па само пред шест месеци од оваа иста сала, од оваа иста галерија тие луѓе повикаа “срамота”, тие луѓе повикаа “немојте да се смеете, можеби еден ден ќе плачат вашите семејства”. Тогаш се немаше слух за сега сосема наменски да се донесе еден таков закон, и тоа е убаво, сепак некакво решение за нив ќе се направи, но не е комплетно. И самиот закон е дволичен, 30 дена значат дека голем дел од тие луѓе воопшто можеби нема да го искористат своето право. Дали знаете каде се наоѓаат тие луѓе сега? Сигурно не седат пред телевизор да не гледаат нас. Тие луѓе се борат за егзистенција, можеби се некаде во шумата, берат габи или собираат тревки. Нема да ги искористат тие 30 дена, или уште повеќе ...

(Реакции од повеќе пратеници во салата).

Ама тоа е вистината, апсолутно не смееме тоа.

Или амандманот кој пред малку го прифативте, ве молам ...

Ве молам, јас цело време ве слушам, на крајот почитувајте, јас сум сепак пратеник, немојте така?

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам госпоѓо Мираковска, по текстот на Предлогот на законот ако може да зборувате.

**Соња Мираковска:** Еве сега по текстот ќе зборувам. Амандманот од колешката пратеничка од владеачката партија кој пред малку го прифативте значи дека луѓето нема да можат да го остварат правото што беше предвидено во рок од месец дена од донесувањето на овој закон, кој знае кога. Ова значи разводнување на состојбата, ова значи дека тие луѓе нема да стигнат до своето право, но сепак, мислам дека неправдата на некој начин ќе биде исправена и сепак е добро оние кои го симнаа од дневен ред законот, сега повторно да им го дадат правото. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, сите 79 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 79 пратеници, сите 79 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлгот на законот.

Пратеникот Весела Честоева поднесе амандман на член 3 на новиот член 45-А став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандмани на член 3 на новиот член 45-А став 4 алинеи 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на новиот член 45-А став 4, поднесен од пратеникот Весела Честоева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам.

Прво, јас имав информација дека овој амандман ќе биде повлечен. Се работи за допрецизирање на профилот на членови на Прекршочната комисија. Мислам дека тоа не е допрецизирање, туку е лимитирање, така што амандманот се одбива.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Честоева Весела, повелете.

**Весела Честоева:** Почитуван претседателе, амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на новиот член 45-А став 4 алинеи 1 и 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска под архивски број 07-2425/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага да се измени составот на Прекршочната комисија. Тоа е можно, меѓутоа сепак сметам дека даденото решение во законот е супериорно и амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Излегов затоа што се надевам дека ќе успеам колегите пратеници да ги убедам да дадат поддршка на овој амандман.

Со оглед на тоа дека заменикот министер не го прифати, сакам да кажам на самиот почеток дека е добро што не го прифати и претходниот амандман, затоа што се согласувам со неговото решение дека тој е лимитирачки, не ја прецизира туку ја лимитира одредбата.

Што предлагам јас?

Имено, во овој Закон за музеите што е денес пред нас не се прави само усогласување со Законот за прекршоци, туку во една чувствителна сфера во Законот за музеите се воведуваат два члена, прекршочен орган и уште еден член кој што е порамнување.

Што се однесува до членот 45-Б, сметам дека тоа Владата го направила добро и дека тоа е во насока на подобрување на постојниот текст на законот и во насока на сочувување на нашето културно богатство и во насока на воведување строго дефинирани услови под кои ќе се спроведуваат санкциите.

Што се однесува до членот 45-А, се воведува нов орган, прекршочен орган кој ќе биде одговорен за воведувањето на прекршоците односно утврдувањето на прекршочните постапки. Во овој член што се предлага? Се предлага неговиот состав и во ставот 4 се вели: “Прекршочната комисија е составена од три члена од кои двајца дипломирани правници од кои еден со положен правосуден испит и пет години работно искуство во својата област”, значи во областа на правото. Јас така подразбирам, ако се вели дипломиран правник во својата област, тогаш е во областа на правото, не е во областа на заштитата или пак во областа на музејската дејност. Читам понатаму: “еден член со висока стручна подготовка од областа на општествените навики со пет години работно искуство од својата област”.

Јас предлагам и сметам дека е многу подобро еден член да биде од редот на дипломираните правници и тоа е неопходно, тоа е добро решение затоа што тој ќе може да се грижи дека постапката ќе биде спроведена по сите правни норми и мислам дека тоа е неопходно. Но зошто се два член почитувани колеги? Затоа предлагам останатите два члена да бидат од областа на општествените науки. Кога го предложив ова, имам и еден амандман кој што го следи, јас нема тогаш да говорам, затоа сега ќе го поврзам и овој, кој вели “барем еден да биде од областа на археологијата”. Зошто барам два члена од општествените науки? Затоа што имаме музеи кои се грижат и за духовното наследство и музеи кои се грижат за материјалното наследство. Точно ја прецизирав областа на археологијата затоа што знаеме дека токму тука имаме најголем број на злоупотреби како од страна на дивите копачи, за жал, иако многу, многу малубројни, но сепак и од одредени колеги. Значи токму поради тоа барам еден да биде од оваа област, оставајќи можност другиот да биде од заштитата на духовното наследство или етнологијата. Не гледам ништо лошо зошто да не биде прифатен овој амандман, напротив, ќе створиме еден орган кој што ќе биде многу постручен и компетентен, затоа што понатаму прочитајте го членот 45-Б да видите што се траба да прави овој орган, како треба да го прави порамнувањето. Мислам дека луѓето кои се директно вклучени, луѓето кои го по знаваат културното наследство, духовно и материјално, луѓето кои со години -еве, пет години се бара работно искуство - работеле во својата струка, многу подобро ќе можат да ги спроведат овие одредби во членот 45-Б, каде што имаме осум става. Тука треба да се направи извештај, да се направи увид на самиот терен, да се направи увид во инвентарните книги, тука треба да направи увид во депоата, значи работа која многу

подобро ќе ја правата луѓето кои работеле во својата струка.

Ако во овој момент вие не можете да се согласите со мене, не сакам повеќе да должам и да ве разубедувам, сметам дека сакате да покажете грижа за нашето културно наследство, сакате на соодветен начин да бидат спроведени прекршочните мерки, тогаш ве замолувам да дадете пет минути пауза за да може заменикот министер да се консултира со останатите членови на Владата, затоа што мислам дека ова ќе биде многу значително понатаму.

Иако културата кај нас секогаш е на маргините ја користиме само онаму кога ќе ни треба да покажеме поголем или помал патриотизам, мислам дека ова е начинот на кој треба да дебатираме.

Доколку имате спротивставени мислења и ме разубедите дека не сум во право, јас ќе го повлечам амандманот.

Ве молам уште еднаш да размислите, се работи за многу сериозна проблематика која секогаш се наоѓа на маргините на збиднувањата во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника, за гласаа 8, воздржан 1, против 50 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

Вкупно по амандманот гласаа 59 пратеника, од нив 8 гласаа за, 1 воздржан 50 против.

Пред да констатирам молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Со оглед дека во салата се присутни 68 пратеници, констатирам дека е полноважно одлучувањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 на новиот член 45-а став 4 алинеи 1 и 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска под архивски број 07-2425/3.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на новиот член 45-а став 4 алинеите 1 и 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска под архивски број 07-2425/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се одбива со истото образложение.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека заменикот министер по автоматизам затоа што е од опозицијата иако го немаше амандманот, го одби, но морам да кажам, за волја на вистината, дека овој амандман е логичен само доколку се прифатеше претходниот амандман и секако доколку се прочита.

Имено, за овој амандман барам еден од тие два члена за кои говорев да бидат од општествените науки, да биде дипломиран археолог.

Образложението го кажав пред малку од говорница и за тоа нема да го повторувам. Но, јас би ги замолила како министрите така и колегите од парламентарното мнозинство да ги читаат амандманите поготово замениците министри и министрите без разлика од каде тие амандмани доаѓаат за да не се донесуваме во ваква ситуација во иднина.

Од досега кажаното не е логичен без претходно прифатениот амандман, затоа амандманот го повлекувам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закој се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 67 пратеника, од нив 61 гласаа за, нема воздржани, 6 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

Вкупно по Предлогот на законот гласаа 67 пратеника, од нив 61 гласаа за, воздржани нема, 6 пратеници гласаа против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 12 пратеника, сите 12 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

На седницата присуствуваат 12 пратеника кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија од нив за Предлогот на законот гласаа сите 12, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите.

**Минуваме на точка 11. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Не гледам навистина зошто е толку брзање и се нема трпение од 5 минути. Говориме за едно најголемо богатство, одлика на нашиот национален идентитет - јазикот. Ако немаме време пет минути да посветиме на оваа тематика залудни ви се кампањите кои ги правите почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ. Нема потреба само да ги трошите парите на граѓаните, а од друга страна да се однесувате крајно лицемерно кога треба со закон да го регулираме ова и дури не сакате да сослушате ни две минути, поготово колегите кои доаѓаат од градот "Лулка на културата" во Македонија, не гледам зошто сте толку нетрпеливи наместо да го сослушаат ова всушност тие Свети Климентовиот универзитет бил еден од најважните во оваа насока почитуван колега.

Значи, сакам да кажам за што се работи. Овде имаме казнени одредби каде се вели глоба во износ од 2,5 илјади до 3 илјади евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице што ќе објави нелекториран текст. Јас тоа го поздравувам. Меѓутоа, ваква глоба или тогаш казна, сега се именува во глоба, само се менува терминолошки имаше и во претходниот закон. Ова е одредба која се менува.

Сега ќе ве прашам колку нелекторирани тектови секојдневно се објавуваат во Република Македонија. Не само во дневните медиуми, не само во електронските медиуми, не само во некои други памфлети, туку погледнете колку нелекторирани закони ни стигнуваат во Собранието. Погледајте ги нелогичностите на речениците, неупотребата на членовите, изоставувањето на предлогот, недобро срочени реченци и нелогични работи.

Јас мислам дека Владата час поскоро ќе мора да си најде лектори односно секое министерство да најде такви лектори и овде пред Собранието да стигнуваат лекторирани текстови на закони. Ако ние овде го пропуштиме тоа, ние на кои нашиот глас се слуша, кои ни дале збор, кога реков глас мислев нашиот збор се слуша од тука, довербата што ни ја дале граѓаните и дури кога читаме не го говориме македонскиот јазик, па како што реков нема потреба од кампања. Тука се дава примерот. Кампањата е само дополнителна работа.

Понатаму морам да проговорам уште по еден член. Членот порамнување вели: за прекршокот во член 13 од овој закон, инспекторите за култура се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка. Значи, тоа се инспекторите за култура.

Сега, почитувани колеги, што не го прифативте претходиот амандман каде се дефинираше органот дали двајца правници, условно, ќе биде составен од двајца правници и еве еден историчар на уметноста или археолог или можеби нешто друго, се покомпетентни од еден лингвист. Затоа барав еден правник, условно еден лингвист и еден од обласа на заштита на материјалното богатство. Тоа беше мојата интенција ниту беше злонамерна, ниту беше контра министерот, ниту беше популистичка, ниту беше предизборна, апсолутно интервенција точно на место која, како што реков, ќе помогнеше да донесеме односно направиме квалитетен орган кој ќе се грижи за спроведување на законите отколку да направиме едно тело можеби има ветено две вработувња на двајца правници, но вработете го едниот, па на другиот ќе му најдете место и така во предизборната кампања се вработија 100-тина луѓе, па уште еден лесна работа, но направете тело како што треба. Се работи за една многу важна материја - културата. Одговорете ми како двајца правници ќе го спроведуваат ова. Дали двајца правници подобро го знаат македонскиот јазик отколку еден лингвист без разлика која му е потесната специјалност.

Затоа беше мојот амандман и затоа сакав да го разубедам парламентарното мнозинство да даде

поддршка. За жал, тоа не се случи и еве и овде ќе ни се повтори истото. Без разлика што не е прифатен претходниот амандман јас на овој закон ќе дадам поддршка затоа што очекувам дека конечно ќе заживее и ќе почнеме да го негуваме нашиот македонски јазик како една од важните одлики на нашиот идентитет. Нема идентитетот да го злоупотребуваме само во кампањите, туку ќе успееме да го негуваме во целокупниот перод ако навистина сметаме дека тој ни е од важност. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам.

Само накусо, точно е дека има прекршување на овој закон во секојдневниот живот, меѓутоа, инспекцијата во Министерството за култура навистина работи максимално. Сега не го знам бројот на поднесените прекршочни пријави, има огромен број, но како завршуваат тоа не е наша работа овде.

Што се однесува, еве да се навратам на амандманот на госпоѓата, знаете, можеби сега ќе бидам несериозно сфатен, меѓутоа, од мое лично искуство кога имаме два правника имаме 4 мислења, затоа сметам дека е навистина подобро да имаме два правника.

Што се однесува до стручниот дел на Комисијата, за секој закон ќе биде именувана посебна комисија така што кога се работи за Законот за употреба на македонскиот јазик ќе има лингвист. Мислам дека е сосема доволно зошто двајца лингвисти кога може еден кој ќе ја заврши работата, а двајца правници мислам дека во овој случај ќе бидат корисни. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Ако е точно дека четири мислења од двајца правници не знам што мислите, дали со тоа исто како да сте вработиле 4 луѓе, напротив јас би била среќна ако имам само две мислења од компетентни и стручни луѓе кои исто мислат и едно мислење од правник кое ќе го регулира тоа во правната материја.

Морате да признаете дека е тоа многу подобро решение отколку 4 различни мислења и тоа различни од она што го има од како стручен и компетентен член во Комисијата.

Мислам дека овој одговор е несериозен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам само да го истакнам значењето на секое третирање на македонскиот јазик во законска сфера и во било која друга смисла, се разбира. Македонскиот јазик веќе 17 години беше заборавен во Република Македонија иако постоеше закон за употреба на македонскиот јазик речиси не се применуваше. Сосема е точно сето тоа што мојата почитувана колешка го кажа пред малку. Со години, со децении и повеќе од деценија не се применуваше овој закон, не се водеше сметка дали има некаде лектори односно се дозволуваше нелекторирани текстови да циркулираат во јавната комуникација.

Токму за тоа пред една година беше иницирана Годината на македонскиот јазик од група вљубеници во македонскиот јазик и негови почитувачи. Како еден од иницијаторите јас можам и во оваа прилика да го изразам задоволството од тоа што премиерот Никола Груевски имаше големо разбирање за таа иницијатива и застана на чело како нејзин покровител, а Владата на Република Македонија уште во минатиот мандат ја прифати како свој државен проект.

Таа иницијатива тече, многу работи се поправаат преку неа, се афирмираат и се печатат дела кои чекале со години и повеќе од деценија да бидат побликувани, се прави исто така анализа на сите дефектни состојби поврзани со употребата на македонскиот јазик во државата, се разгледуваат учебниците, начин на пишување, начин на составување, начин на прифаќање.

Понатаму се разгледува третманот на литературата напишана на македонски јазик, се разгледува употребата на македонскиот јазик во медиумите, на натписите во севкупниот живот и на многу други места.

Значи, оваа година за македонскиот јазик ќе биде навистина максимално исползувана во насока на тоа да се подобри неговата употреба во земјата и да се промовира македонскиот јазик во светот како јазик на автентична култура, на автентична цивилизација која заслужува почит и рамноправно место помеѓу другите народи и култури.

Токму за тоа не случајно и во оваа најавена програма за работа на Владата во овој мандат, Владата најавува дека грижата за македонскиот јазик и македонскиот идентитет ќе бидат во нејзините приоритети така што ова е една од силните причини поради кои јас лично и ДОМ ја поддржуваме оваа Влада.

Да се сконцентрирам на овој закон, овој закон е технички закон, точно е тоа, се врши само усогласување на членовите поврзани со кривичните одредби со други закони, меѓутоа, еве ова е една можност да се доработи една област каде што со деценија и половина постоеше една сива зона.

Секако со поддршка на законот и очекување да довршиме и некои други работи поврзани со македонскиот јазик и неговата употреба во позитивна смисла. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик.

**Трајко Вељаноски: Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам пратениците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 11 пратеници, сите 11 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

На седницата присуствуваа 11 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 11, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на библиотеките.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележја.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандман на член 4 за менување новиот член

29-б, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување новиот член 29-б, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Овде се работи за допрецизирање на постапката за порамнување. Во одредени моменти тоа може да биде корисно. Од таа причина амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас би сакала само да се заблагодарам за прифатениот амандман. Навистина се работи како што кажа и почитуваниот заменик министер за подобро дефинирање на порамнувањето, одредби кои што ќе бидат попрецизни за спроведување на постапката, и морам да кажам дека овој амандман го поднесов водејки сметка дека истиот начин на порамнување го имаме и во Законот за музеите за кој претходно говоревме, а со оглед на тоа што и спомен обележјата слично може да се третираат, сметам дека тоа е доброто решение и затоа уште еднаш сакам да се заблагодарам.

Што се однесува до спомен обележјата, како што реков и за Законот за македонскиот јазик, се надевам дека конечно и овој закон ќе заживее и ќе почнат да се спроведуваат овие санкции, не само на  хартија, туку да се спроведуваат затоа што сите ние сме свесни во каква ситуација ни се наоѓаат голем број на спомен обележја кои наместо да претставуваат гордост и да оддаваат почит кон настаните или личностите на кои се подигнати, тие во таа ситуација како што изгледаат сега, не служат на чест на намената која ја имаат. Благодарма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 10 пратеници, сите 10 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

На седницата присуствуваа 10 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 10, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томе Чинговски поднесе амандман на член 9 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Лилјана Поповска, поднесе амандман за додавање нов член 13-а по членот 13, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1, б, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа од причини што законот е доста флексибилен и работното време е дефинирано. До колку другите угостителски објекти сакаат да работат подоцна, за тоа се издаваат лиценци.

Значи амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе,

Прво, јас би зборувал за законот за угостителство, па потоа збор два ќе кажам и за предложениот амандман.

Ако од донесувањето на Законот за локална самоуправа, определбата на централната власт беше постепена децентрализација на валста и преотстапување на надлежностите на локалната самоуправа, што е во согласнсност со препораките од Европска унија, тогаш не ја гледам потребата од донесување на измени на Законот за угостителска дејност, по итна постапка, за да се додадат надлежности на

централните државни органи, во случај на Државниот инспекторат.

Ако државата сака локалната власт активно да се вклучи и да учествува во оваа битна стопанска гранка која најповеќе ги опфаќа локалните угостители, тогаш на општинските органи и овластените инспектори од општината, треба да им даде и повеќе ингиренции.

Иако во членот 57 е кажано дека инспекциски надзор на спроведување на одредбите на овој закон ќе врши Државниот пазарен инспекторат и други инспекциски органи, согласно со овластувањето со овој и друг закон, во членот 59 таксативно се набројани надлежностите на овластените инспектори од општината, при вршењето надзор над физички лица што се занимаваат со угостителска дејнсот, што и до сега ја имаа таа ингеренција.

За разлика од оваа состојба во ново наименуваната глава прекршочни одредби, за сите прекршоци предвидени во член 69, 70, 72 и 73 од овој Закон, Државниот пазарен инспекторат се претвара во прекршочен орган, кој се јавува како супервизор на сите прекршоци, постапки и санкции.

Со вака дефинираните надлежности на Државниот пазарен инспекторат се прави уште еден упат во намалувањето на ингеренциите на органите на општините и наместо да има децентрализација на власта, се сака општините да се стават под целосна контрола. Затоа сметам дека овој закон не треба да оди по итна постапка туку по редовна постапка во која ќе можат сите локални самоуправи да се запознаат со него и да се произнесат по него.

Што се однесува до амандманот, да кажам дека овој амандман не е поднесен со цел работното времене само на сенвичарите да биде продолжен за еден час односно за викендите до 5 часот наутро, како би имало ефект ако во тој случај другите објекти бидат затворени. За кога би служело во тој случај продолжувањето на работното време.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 10 гласаа за, воздржани нема, против 55 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници, за гласаа 10, нема воздржани, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1.поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 13-а по член 13, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа Значи амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа. Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 61 гласаа за, воздржани нема, против 7 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот,, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот, вкупно гласаа 68 пратеници, за гласаа 61, нема воздржани, против гласаа 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томе Чинговски поднесе амандман на член 1 за менување на точла 5, член 5 на воведната реченица на став 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5, член 12 став 1 за бришење на точка 1, член 12 став 1 за менување на точките 3 и 4, член 13 став 1 за менување на точките 3 и 4, член 14 став 1 за менување точка 1 и за додавање нов член 34-а по членот 34, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Лилјана Поповска, поднесе амандмани на член 12, за менување на точка 5, член 13 за менување на точка 5, член 14 за менување на точка 2 и на член 15 во новиот член 33-а став 6, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на точка 5, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа, бидејќи се врши попрецизна формулација на текстот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен делна текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 на воведната реченица на став 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи ставот 11 е вкорпориранse во Предлогот на измената во членот 9 точка 3. Значи тоа е извадено овде, а ставено е во членот 9.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 8 гласаа за, воздржани нема, против 56 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот, вкупно гласаа 64 пратеници, за гласаа 8, нема воздржани, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 на воведната реченица на став 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 за бришење точка 1, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Томе Чингов ски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарма претседателе,

Во овој член само се зголемува од 50 на 100 иљади евра.

Јас предлагам да остане на 50 илајди евра, мислам дека е сосема доволно, затоа што овој предлог има опструктивен карактер во подигањето на квалитетот на услугите. Значи новите амбициозни агенции не ќе можат да го поднесат овој нов терет.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувм претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, 8 гласаа за, воздржани 1, против 53 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот, вкупно гласаа 62 пратеници, за гласаа 8, воздржани 1, против гласаа 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 за бришење точка 1, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 за менување на точките 3 и 4, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, затоа што тоа веќе е влезено во член 15 од предлогот на измената или член 33-а од постоечкиот Закон. Значи тој член го менуваме и вградено е во последниот пасус.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Во Предлог законот во точка 3 пишува: “лицето што раководи со туристичка агенција треба да има сертификат за раководење со туристичката агенција”.

Предлогот што јас во моментот го давам е дека лицето кое раководи со туристичка агенција треба да има високо образование од област ана туризмот, или сертификат за раководење со туристичка агенција, добиен од високошколска установа од областа на туризмот. И точка 4 да има најмалку 4 вработени лица од кои две лица со доказ дека активно познаваат еден од светските јазици, да има најмалку 4 вработени лица од кои две со високо образование од

областа на туризмот и активно познавање на еден од светските јазици.

Со тоа ќе ги ангажираме нашите туристички работници кои имаат завршено високообразование од областа на туризмот.

Со сертификатите ние апсолутно не добиваме, никакво подобрување на квалитетот на вработените во туристичките агенции. Затоа ги предлагам овие измени во точките 3 и 4. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од нив 9 гласаа за, воздржан 1, против 52.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за гласаа 9, воздржан 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 за менување на точките 3 и 4, поднесен од пртеникот Томе Чинговски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на точка 5, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на тексот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 за менување на точките 3 и 4, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа и е сличен со претходниот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Амандманот е идентичен со амандманот 4 во тој случај ако првиот амандман не се прифати овој го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на точка 5, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 за менување на точка 1, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е сличен како претходните амандмани.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чигновски:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен од предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 33-а став 6, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Процедурално, госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Ако може само за да не настане некоја грешка за господиниот Спанџов, дали зборувавте за амандманот број...

**Трајко Вељаноски:** За член 15 во новиот член 33-а став 6.

**Лилјана Поповска:** За тој се договоривме да го повлечам.

**Трајко Вељаноски:** Сега е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 34-а по членот 34, поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа бидејќи ова разладни фрижидери е земено од Законот за сообраќај. Така што заради усогласеност не можеме да го прифатиме предлогот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Добро, ова беше повеќе од техничка природа. Го повлекувам и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен од предлагачот.

Процедурално, госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Значи, би ве замолила ако може кратка пауза од 10 минути, уште еден амандман подготвувам, многу се извинувам и на колегите, треба да биде готов.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 13.30 часот и ги замолувам и службите и пратеничката Лилјана Поповска за тој временски период да се изготви амандманот и подели на пратениците. Благодарам.

Продолжуваме во 13.30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13.58 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Пред да продолжиме со работа, сакам да ви кажам дека се договоривме со координаторите на пратеничките групи да продолжиме со работа после 14,00 часот до завршувањето на оваа точка на дневниот ред. Со тоа ќе се заврши и седницата.

Со оглед на тоа очекуваме дека за кратко време ќе се заврши оваа точка од дневниот ред.

Во меѓувреме пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандман на член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пред да продолжиме понатаму, ми кажаа дека вториот амандман кој што е изготвен и пуштен е во собраниска процедура за пет минути ќе биде поделен за да може и заменикот министер за економија да се произнесе и пратениците да го видат текстот на законот.

По пет минути ќе продолжиме со работа.

**Трајко Вељаноски:** Во меѓувреме пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандман на член 15 на новиот член 33-а за менување на став 6, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 15 на новиот член 33-а за менување на став 6, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. Сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеника, од нив сите 64 гласаа за, нема воздржани , нема против .

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 6-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за конструктивниот пристап.

Сакам да ве известам дека утре имаме закажано нова седница која што ќе се одржи со почеток во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 14,03 часот)